РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2681/7
17-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 3 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 57-та седница одржана на 17.12.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-2681/1 од 13.05.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со архивски број 12-2681 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2681/1 од 13.05.2019 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот), по електронски пат.

Во пријавата се изнеени наводи кои се однесуваат на сомнежи за несовесно постапување и злопотреба на службената положба и овластувања на службени лица во /// при реализација на јавна набавка по огласот бр. ///, на износ од /// денари, без данок на додадена вредност. Наведено е дека јавната набавка била незакоснки спроведена, за што подносителот истакнува дека со тоа била сторена штета на буџетот на Република Северна Македонија. Подносителот наведе дека добивал закони од лицето ///, за кое истакна дека остварило корист од незаконската јавна набавка. Овој случај подносителот го пријавил во ///, при што го истакнува своето незадоволство од водењето на кривичната постапка. Заради тоа, подносителот со претставка се обратил

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

до ///, а го известил и ///, како и ///. Пријавата е надополнета на 06.08.2019 година по електронски пат. Од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

Со цел остварување на своите законски надлежности, за овој конкретен случај, ДКСК побара надлежно постапување од /// и побара податоци информации и документација за овој конкретен случај. Ова /// доследно постапи по барањето на ДКСК, па со увидот во доставеното од негова страна, ДКСК констатира дека по наводите на подносителот постапиле сите надлежни органи. Имено, настаните кои биле предмет на постапување од страна на надежните органи, добиле своја завршница и по однос на истите ДКСК нема законска надлежност да презема дополнителни дејствија и мерки за натамошно постапување по однос на изнесените наводи на подносителот.

На вака утврденото, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување, за што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.